**Република Северна Македонија**
**Општина Долнени**

**Локална самоуправа**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Komuna e Dollnenit**
**Vetëqeverisja Lokale**

---

Врз основа на член 23 став 2 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам 8 (осма) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.03.2022 год. во 11:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

# Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од осмата седница на Советот на општина Долнени.
2. Завршна сметка на Буџетот на општина Долнени за 2021 година.
3. Одлука за усвојување на завршната сметка.
4. Годишен извештај на општина Долнени за 2021 година.
5. Одлука за усвојување на годишниот извештај за 2021 година.
6. Одлука за давање на одржување на канализациониот систем за отпадни води во населените места Дебреште, Лажани, Житоше и Црнилиште на тековно одржување на ЈКП – Долнени.
7. Одлука за воведување на надоместок за одведување на отпадни води во населените места каде што има канализационен систем.
8. Заклучок за спортските клубови

Претседател на Советот
на општина Долнени - Долнени

Хусеин Хасановиќ

# З А П И С Н И К

Од одржаната 8 (осмата) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.03.2022 год. во салата за состаноци во општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа следните членови: Ангела Јаковлеска, Виктор Перески, Дејан Змејкоски, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски, Ахмедин Рамовиќ и Линдита Сулејманоска. Додека отсутни немаше. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Потоа претседателот на соевт Хусеин Хасановиќ го предложи следниот дневен ред:

Д н е в е н   р е д

9. Усвојување на Записникот од седмата седница на Советот на општина Долнени.
10. Завршна сметка на Буџетот на општина Долнени за 2021 година.
11. Одлука за усвојување на завршната сметка.
12. Годишен извештај на општина Долнени за 2021 година.
13. Одлука за усвојување на годишниот извештај за 2021 година.
14. Одлука за давање на одржување на канализациониот систем за отпадни води во населените места Дебреште, Лажани, Житоше и Црнилиште на тековно одржување на ЈКП – Долнени.
15. Одлука за воведување на надоместок за одведување на отпадни води во населените места каде што има канализационен систем.
16. Заклучок за спортските клубови.

1. По однос на првата точка од дневниот ред без никаква дискусија и забелешка од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој едногласно сите советника гласаа ЗА.

2. По однос на втората точка од дневниот збор зеде претставникот од страна на комисијата за Финансии која го презентираше записникот кој комисијата го имаше направено. По презентираниот записник од страна на комисијата за Финансии беше ставен на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 2 беа воздржани.

3. По однос на третата точка од дневниот ред без никаква дискусија по од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 2 беа воздржани.

4. По однос на четвртата точка од дневниот ред без никаква дискусија по од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 2 беа воздржани.

5. По однос на петата точка од дневниот ред без никаква дискусија по од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 2 беа воздржани.

6. По однос на шестата точка од дневниот ред претседателот на советот Хусеин Хасановиќ објасни за што се работи и нагласи дека се работи само за населените места каде што има канализационен систем и дека често доаѓа до затнување на шахтите и ЈКП – Долнени плаќа за да ги одзатни шахтите. Потоа збор зеде советничката Шенај Зера Ќамилоска која се согласува за ова и доброе но да не биди после и тие што не се приклучени во канализација да плаќаат па после да има тужби па извршители. Потоа збор зеде советникот Ахмедин Рамовиќ кој рече дека добро е да биди и директорот на ЈКП да присуствува тука за да кажи и тој дали ќе можи тоа да го работи. Вака преставената одлука пред советниците беше ставена на гласање од кој едногласно беше прифатена од страна на советниците сите 15 советника гласаа ЗА.

7. По однос на седмата точка од дневниот ред збор зеде советничката Шенај Зера Ќамилоска која назначи прво тоа да биди правно да ен се коси со законота второ како што нагласи претходно да не биди после да се тужат па да се оди на извршител, и да се задолжат тие само кои се приклучени во канализациониот систем а не и тие што не се пошто има и такви. Советниците донесеа одлука паушалот да биде 150 денари. Од кој едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.,

8. По барањата кои беа доставени до советот и до општината од фудбалските клубови. Советот донесе заклучок да им се плаќа годишен паушал за трета лига да им се исплати 30.000 денари а за општинска лига по 10.000 денари.

.

| | |
|---|---|
| З а п и с н и ч а р | Претседател<br>на Советот на општина Долнени |
| ________________________<br>Еркан Ајдароски | ________________________<br>Хусеин Хасановиќ |